МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 43, став 4 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИТЕ НА ОДОБРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ОСЕМЕНУВАЊЕ И НА ОДОБРЕНИ ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите на одобрени институции за осеменување и на одобрени одгледувалишта на пчелни матици.

## Член 2

(1) Регистарот на одобрени институции за осеменување се води во форма на книга со тврд повез во темно зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

(2) На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" а на средината стои натпис "Регистар на одобрени институции за осеменување". Натписите се со бела боја.

(3) На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;

- назив, седиште и ЕМБС на одобрената институција;

- број на решение за одобрување на институција;

- дата на регистрација;

- раса (подвид) на медоносни пчели;

- генетска линија на медоносни пчели;

- одгледувачка програма;

- број на трутовски пчелни семејства и

- други специфични податоци за институцијата.

(4) Формата и содржината на регистарот на одобрените институции за осеменување е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

(1) Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици се води во форма на книга со тврд повез во светло зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

(2) На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис “Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство” а на средината стои натпис “Регистар на одгледувалишта на пчелни матици ”. Натписите се со бела боја.

(3) На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;

- назив, седиште и ЕМБС на одгледувалиштето;

- број на решение за одобрување;

- дата на регистрација;

- раса (подвид) на медоносни пчели;

- генетска линија на медоносни пчели;

- годишен капацитет на производство на матици и

- други специфични податоци за одгледувалиштето.

(4) Формата и содржината на регистарот на одобрените одгледувалишта на пчелни матици е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Регистрите од член 1 на овој правилник се водат во пишана или електронска форма.

**Член 5**

Признатите организации на одгледувачи се бришат од регистарот на организации на производители по нивно барање или доколку престанат да исполнуваат некој од условите пропишани во член 69, став 2 од Законот за сточарство.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-353/3 | Министер за земјоделство, |
| 17 февруари 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# РЕГИСТАР

## НА ОДОБРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ОСЕМЕНУВАЊЕ

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____

Назив на институцијата

______________________________________________

Седиште на институцијата

______________________________________________

ЕМБС на институцијата

______________________________________________

Број на Решение за одобрување на институцијата

______________________________________________

Дата на регистрација

______________________________________________

(Раса) Подвид на медоносни пчели кои се одгледува

______________________________________________

Генетска линија на медоносни пчели

______________________________________________

Одгледувачка програма

______________________________________________

Број на трутовски пчелни семејства

______________________________________________

Други специфични податоци

______________________________________________

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# РЕГИСТАР

# НА ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

**ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ**

**РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____**

Назив на одгледувалиште

________________________________________

Седиште на одгледувалиште

________________________________________

ЕМБС

________________________________________

Број на Решение за одобрување на одгледувалиште

________________________________________

Дата на регистрација

________________________________________

(Раса) Подвид на медоносни пчели кои се одгледува

________________________________________

Генетска линија на медоносни пчели

________________________________________

Годишен капацитет на производство на матици

________________________________________

Други специфични податоци